РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1776/2
20-04-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Државната комисија постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси на 47 - та седница, второ продолжение, одржано на ден 13.04.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1776/1 од 06.03.2019 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-1776/1 од 06.03.2019 година.

Предметот со број 09-1776/1 од 06.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1776/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против повеќе лица, со различни наводи и тоа:

1. ----------- од Битола извршува три функции: член на Надзорниот одбор на ЈП ------------, вработен во ----------- во Битола и ракометен судија;
2. --------------- од Битола извршува четири функции: член на Советот на Општина --------, началник на Подрачна единица на ----------- во Битола, член на Надзорен одбор во ЈП ---------- и ракометен судија;
3. ----------- претседател на Комисијата за земјоделство на општинската организација на ------- – Битола, поранешен професор на Факултетот за биотехнички науки во Битола, а сега пензионер, спротивно на Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во Битола е назначен за претседател на УО на таа агенција. Исто така, истиот го вработил својот син -------- во ----------- Битола;

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

4. ----------- извршувала две функции: член на УО на ЈКП --------------- и вработена во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. -----------, градоначалник на општина ---------- ја вработил сопругата ---------- во ---------- Битола;
6. ------------, градоначалник на општина ----------- го вработила својот брат во ----------- Битола;
7. -----------, градоначалник на општина ---------- го вработила својот брат во ---------- Битола и
8. ----------- извршувал три функции: член на УО на Агенцијата ---------- во Битола, вработен во ----------- Битола и е член во раководството на ФК Новаци.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека во однос на наводите од пријавата за лицата ---------, -------------, ----------- и ------------ согласно член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не е предвидена забрана за извршување на наведените функции или должности, по што наводите не се потврдуваат.

Во однос на лицето ------------, ДКСК утврди дека истиот повеќе не ја извршува функцијата член на Надзорен одбор во ЈП ---------- – Битола, по што наводите не се потврдени.

Во врска со наводите за влијание од страна на наведените градоначалници: --------, --------- и ----------- за вработување на блиски лица во државни институции, кога истите биле избрани на Локалните избори во 2017 година, ДКСК утврди дека настаната е застареност согласно Законот за прекршоци.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија нема елементи за свое надлежно постапување, па поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë KOMISIONI SHTETËROR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок на ДКСК.
Изработил: К.З.., советник
Одобрил: К.Н.., член на ДКСК